Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 946/2021

Дата: ....07-07-2021.....

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Свети Николе, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаични електрани, на КП 1854, КО Немањици, Општина Свети Николе.** Површина на предметниот опфат изнесува 0,2989 ha и зафаќа замјоделско земјиште:нива.Моќноста на фотоволтаичната електрана изнесува 0.24 MW.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y10121** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаични електрани, на КП 1854, КО Немањици, Општина Свети Николе, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Планскиот опфат на фотоволтаичната електрана во КО Немањици, Општина Свети Николе, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) “Средна и Долна Брегалница” кое гоопфаќа сливот на реката Брегалница од браната Калиманци до вливот во реката Вардар.

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (“Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на фотоволтаични електрани, на КП 1854, КО Немањици, Општина Свети Николе, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Свети Николе, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 35890, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на изградба на фотоволтаични електрани, на КП 1854, КО Немањици, Општина Свети Николе.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на изградба на фотоволтаични електрани, на КП 1854, КО Немањици, Општина Свети Николе и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15-946/2021 од 02.07.2021 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на фотоволтаични електрани, на КП 1854, КО Немањици, Општина Свети Николе** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup

Изготвил: Исмаил Шехаби
Одобрил: Соња Фурнаџиска